**ДП. бр. 345**
Дисциплинската комисија при Комората на извршители на Република Македонија (подолу како ДК при КИРМ), постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-28 од Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител З.С. од Делчево, на ден 29.05.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител З.С. од Делчево за сторена дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување

ЗАТОА ШТО Извршителот З.С. од Делчево, при спроведување на извршување по предметот И.бр.4/10 му предал –продал недвижност на доверителот како купувач, иако на денот на рочиштето за втора усна јавна продажба на ден 27.06.2011 година доверителот од своја страна не предложил недвижноста да му биде продадена нему како купувач за цената утврдена за второто усно јавно наддавање. Прифатен е предлогот на доверителот од 10.05.2012 година по протек на рок од повеќе од 11 месеци во кој рок единствено можела да биде предложена трета продажба па со оглед дека нема предлог за нова продажба е постапено спротивно на член 180 од Законот за извршување ,со кои дејствија извршителот З.С. сторил дисциплинска повреда по чл.54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон".

па согласно чл. 54-б став 2 и со примена на правилата на кривична постапка за ублажување на казната на извршител З.С. именуван за подрачјето на Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево

**му се изрекува** дисциплинска мерка

**ПАРИЧНА КАЗНА**

во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекувањето.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Извршител З.С. утврдената парична казна во став 2 од ова решение да ја плати во рок од 15 дена од приемот на одлука.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-28 е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот З.С. врз основа на Извештај за спроведен вонреден надзор врз работата на извршителот бр.09-28 од 09.01.2013 година. Предлогот се поднесува со наводи дека извршителот З.С., при спроведување

на извршување по предметот И.бр.4/10 му предал –продал недвижност на доверителот како купувач, иако на денот на рочиштето за втора усна јавна продажба доверителот од своја страна не предложил недвижноста да му биде продадена нему како купувач за цената утврдена за второто усно јавно наддавање, ниту пак во законскиот дозволен рок предложил да се одржи нова продажба, со што постапил спротивно на член 180 од Законот за извршување и сторил дисциплинска повреда по чл. 54-д став 1 алинеја 5 од Законот за извршување : "при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни со овој закон". Предлагачот предлага Дисциплинската комисија при КИРМ да поведе дицсиплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на извршителот за сторена дисциплинска повреда и да му изрече соодветна дисциплинска мерка.

Извршителот З.С. во одговор од 18.03.2013 година наведе дека доверителот Л.С. од Берово поднела претставка во која приговара на околноста што извршителот го ставил вон сила својот Заклучок за извршена продажба, и со истата претставка таа воопшто не приговарала на постапката која предходела на извршената продажба, односно не приговара на роковите во кои бил даден предлогот од доверителот. Министерството за правда при надзорот констатирал неправилности за рокот во кој доверотелот дал предлог недвижноста да му се продаде нему, а на која околност не било воопшто приговарано .

Имено извршителот по спроведена втора продажба, на предлог на доверитлот му ја продал нему недвижноста, меѓутоа откако Основниот суд во Берово со Решение ППНИ.бр. 33/2012 од 05.07.2012 година приговорот на должникот бил усвоен, по што иизвршителот го ставил вон сила Заклучокот за предавање-продавање на недвижноста.

Апелациониот суд во Штип ја одбил жалбата на доверителот како неоснована и го потврдил првостепеното решение на судот. Извршителот почитувајќи ги одлуките на судот издал Заклучок со кој утврдил дека продажбата на предметната недвижност е неважечка и му наложил на АКН Берово да ја упише како сопственост на должникот.

Извршителот во одговор наведува и дека по истите наводи одлучувал и Претседателот на КИРМ а од друга страна дека извршителот не нанел штета на ниту една од странките, имотот е вратен во сопственост на должникот а доверителот е намирен за неговото парично побарување, и предметот бил завршен кај извршителот .

Извршителот З.С. од Делчево во своја одбрана на главен претрес по повод наводите од Предлогот на Министерот за правда наведе дека погрешно го имал толкувано член 180 од ЗИ, по однос на правото на досудување на недвижноста на доверителот, меѓутоа по усвоениот приговор од страна на претседателот на судот ги имал преземено сите дејствија и го вратил предметот во правобитна состојба со цел должникот да не трпи штета поради грешката на извршителот и од приложените докази неспорно се гледа истото. Извршителот појасни дека немал намера да оштети некого и дека во случајот се работи само за негово погрешно толкување на законските одредби .

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 15.04.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:

Извештај за извршен надзор УПП.бр. 09-28 од 09.01.2013 година
Барање за извршување од 28.12.2009 година од доверител Л.С.;
Пресуда П.бр.85/08 од 05.12.2008 година на Основен суд Берово; Пресуда ГЖ.бр.1128/09 од 16.10.2009 година на Апелациониот суд во Штип; Извод за плаќање од сметка ----- број 110 од 06.06.2011 година на Комерцијална банка АД Скопје;Заклучок за утврдување на вредност на недвижност И.бр.04/10 по чл.165 од ЗИ; Решение ППНИ.бр.7/11 од 18.02.2011 година на Основен суд Берово; Потврда 1116/25 од 18.04.2011 година на АКН Берово; Заклучок И.бр.04/10 од 28.04.2011 година за усна јавна продажба на извршител З.С.; Заклучок за усна јавна продажба И.бр.04/10 од 26.05.2011 година; Заклучок за усна јавна продажба И.бр.04/10 од 09.06.2011 година; Записник И.бр.04/10 од 25.05.2011 година по чл. 167,169,170 од ЗИ; Записник И.бр.04/10 од 27.06.2011 година; Предлог од доверител Л.С. од 10.09.2012 година; Заклучок за извршена продажба И.бр.04/10 од 10.05.2012 година; Уплатница за уплата со цел на доснака И.бр.04/2010 година од 27.06.2012 година; Заклучок И.бр.04/2010 година од 11.06.2012 година; Решение УП.бр.264-2 од 28.05.2012 година на Градоначалник на Општина Берово; Заклучок И.бр.04/10 од 10.05.2012 година на извршител З.С.; Заклучок И.бр.04/10 од 10.05.2012 година по чл.175 ст.7 од ЗИ; Заклучок И.бр.04/10 од 05.09.2012 година на извршител З.С.; Решение ГЖ.бр.1234/12 од 23.08.2012 година на Апелационен суд во Штип, Имотен лист број 5007 бр.1105/3867 од 31.05.2012 година за КО Берово; Решение ППНИ.бр.33/2012 година од 05.07.2012 година на Основен суд Берово; Доставница И.бр.04/10 од 05.09.2012 година на АКН Берово; Потврда бр.1112-5457/2012 од 05.09.2012 година на АКН Берово; Заклучок И.бр.04/10 од 09.08.2012 година за прекин на извршувањето; Решение ПР.бр.204/12 од 31.12.2012 година на Претседател на КИРМ.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршителот З.С. од Делчево примил барање за извршување од доверителот Л.С. од Берово преку полномошник адвокат Д.Ш. заведено под И.бр.04/10 против должникот С. М., врз основа на извршна исправа Пресуда на Основниот суд во Берово П.бр.85/08 од 05.12.2008 година за парично побарување.
На ден 11.02.2010 година донел Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 154 од Законот за извршување ) со кој се спроведува извршување врз недвижноста на должникот С.М. запишана во Имотен лист бр.----- за КО Берово, заради наплата на парично побарување на доверителот Л.С. од Берово.Извршителот налогот за извршување го доставил до Агенцијата за катастар на недвижности на РМ – Одделение за катастар на недвижности Берово.

На ден 26.03.2010 година извршителот донел Заклучок за определување на вешто лице кое ќе врши проценка на недвижноста врз која се спроведува извршување по Налог за извршување врз недвижност И.бр.04/10 од 11.02.2010 година.
На ден 09.02.2011 гопдина извршителот донел Заклучок за утврдување на вредност на недвижност ( врз основа член 165 од Законот за извршување ) со кој вредноста на недвижноста се утврдува на износ од ----------,00 денари како почетна цена за продажба на недвижноста.
На ден 28.04.2011 година извршителот донел Заклучок за усна јавна продажба со која се определува прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста предмет на извршување закажана за ден 25.05.2011 година, при што вредноста на недвижноста е утврдена на износ од -------------,00 денари под која цена недвижноста не може да се продаде. Извршителот го доставил Заклучокот за усна јавна продажба до доверителот на ден 04.05.2011 година.
На ден 25.05.2011 година одржана е прва продажба на недвижноста со усно јавно наддавање на која не се јавиле заинтересирани лица-понудувачи, за што извршителот изготвил Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање.
На ден 09.06.2011 година извршителот донел Заклучок за усна јавна продажба со кој се определува втора продажба на недвижност со усно јавно наддавање закажана за ден 27.06.2011 година, при што вредноста на недвижноста е утврдена на износ од -------------,00 денари како почетна цена за продажба на недвижноста на усното јавно наддавање. Извршителот Заклучокот за усна јавна продажба го доставил до доверителот на ден 14.06.2011 година.
На ден 27.06.2011 година била одржана втора продажба на недвижноста со усно јавно наддавање на која не се продала недвижноста, од причина што не се јавиле заинтересирани лица, за што извршителот составил Записник за продажба на недвижноста со усно јавно наддавање. Видно од записникот на усното јавно наддавање не присуствувале должникот и доверителот. Извршителот примерок од записникот доставил до доверителот на ден 06.07.2011 година.
Во меѓувреме должникот од своја страна во неколку наврати платил дел од долгот во вкупен износ од -------------,00 денари.
На ден 10.05.,2012 година извршителот примил предлог од доверителот, дека е согласен да му се продаде недвижноста предмет на извршување за цена определена на второто јавно наддавање, со обврска да ја положи позитивната разлика во цената кај извршителот во рок кој извршителот ќе го определи
Истиот ден извршителот донел Заклучок (врз основа на член 180 став 1 од Законот за извршување ) со кој на доверителот Л.С. на нејзин предлог и се предава –продава недвижноста предмет на извршување за цена во износ од ----------------,00 денари. Исто така извршителот донел Заклучок за извршена продажба на недвижноста ( врз основа на член 175 став 7 од Законот за извршување ) со кој се определува дека е извршена

продажба на недвижноста предмет на извршување на купувачот Л.С. од Берово за цена од -------------,00 денари согласно член 180 став 1 од Законот за извршување.
Со Решение на Претседателот на Основниот суд во Берово ППНИ.бр.33/2012 од 05.07.2012 година приговорот поднесен од должникот за сторени неправилности при спроведување на извршувањето по Заклучокот за предавање-продавање на недвижен имот издаден од извршителот З.С. И.бр.04/10 од 10.05.2012 година е усвоен. Со предметното решение е утврдено дека извршителот сторил неправилности при извршувањето со Заклучокот за предавање –продавање на недвижен имот И.бр.4/10 од 10.05.2012 година на начин што за наплата на паричното побарување му предал – продал недвижност на доверителот после рокот дозволен за поднесување на предлог од страна на доверителот, односно по денот на одржување на рочиштето за втора усна јавна продажба. Преземените извршни дејствија со Заклучокот за предавање – продавање на недвижен имот И.бр.4/10 од 10.05.2012 година се ставени вон сила.
На ден 24.07.2012 година извршителот донел Заклучок за прекин на извршувањето со кој го прекинал извршувањето против должникот С.М. од Берово согласно Решение на Претседателот на Основниот суд Берово ППНИ.бр.33/2012 од 05.07.2012 година се до завршувањето на жалбената постапка.
На ден 09.08.2012 година извршителот исто така донел Заклучок за прекин на извршувањето со кој го прекинал извршувањето против должникот С.М. од Берово согласно Решение на Претседателот на Основниот суд Берово ППНИ.бр.33/2012 од 05.07.2012 година се до завршувањето на жалбената постапка пред Аплационенен суд во Штип.

Со Решение на Апелациониот суд во Штип ГЖ.бр.1234/12 од 23.08.2012 година жалбата на доверителот е одбиена, а Решението на Претседателот на Основниот суд во Берово ППНИ.бр.33/12 од 05.07.2012 година е потврдено.

На ден 05.09.2012 година извршителот донел Заклучок со кој се утврдува дека продажбата на недвижноста предмет на извршување е неважечка врз основа на Решение на Апелациониот суд во Штип ГЖ.бр.1234/12 од 23.08.2012 година .
Со истиот Заклучок се утврдува дека Заклучокот И.бр.4/10 од 10.05.2012 година (врз основа на член 180 став 1 од Законот за извршување) и Заклучокот И.бр.4/10 од 10.05.2012 година за извршена продажба на недвижноста ( врз основа на член 175 став 7 од Законот за извршување ) се ставени вон сила и во иднина нема да произведуваат правно дејство. Воедно со наведениот Заклучок извршителот му наложил на одговорното лице при Агенцијата за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности Берово недвижноста предмет на извршување да ја упише во јавната книга како сопственост на должникот С.М. На ден 05.09.2012 година извршителот до Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение за катастар на недвижности Берово го доставил Заклучокот И.бр.04/10 од ден 05.09.2012 година со кој се утврдува дека продажбата на недвижноста е неважечка па се наложува на АКН Берово предметната недвижност да ја упишат во јавна книга како сопственост на должникот С.М. од Берово.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот З.С. сторил дисциплинска повреда на начин што при спроведување на извршување по предметот И.бр.4/10 му предал –продал недвижност на доверителот како купувач, иако на денот на рочиштето за втора усна јавна продажба доверителот од своја страна не предложил недвижноста да му биде продадена нему како купувач за цената утврдена за второто усно јавно наддавање, ниту пак во законскиот дозволен рок предложил да се одржи нова продажба, со што постапил спротивно на член 180 од Законот за извршување. Неспорно е дека втората продажба на ден 27.06.2011 година е одржана како неуспешна и неспорно е дека записникот му е доставен на доверителот кога и имал можност веднаш да му се даде предлог нему да му биде досудена. Неспорно е дека неговиот предлог бил даден на ден 10.05.2012 година по протек на 11 месеци. Во конкретниот случај по втората продажба доверителот имал можност во законскиот рок од 3 месеци до една година да предложи единствено трета јавна продажба а кое нешто не е сторено.

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се отежнителната околност дека на извршителот предходно му е изречена дисциплинска мерка поради неуредност и околноста што со ваквиот начин на постапување е предизвикана правна несигурност кај странките и учесниците во постапката. Посебно се ценеа и олеснителните околности тоа што штетните последици извршителот ги отстранил воспоставувајќи ја првобитната сосотојба со тоа што имотот е вратен на стариот сопственик како и неговото однесување за време на дисциплинската постапка, меѓута во доволна мера не влијаеа за понакво одлучување. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.
Согласно чл. 54-б став 2 в.в со чл. 61 ст.2 од ЗИ се задолжува извршителот да плати на име парична казна износ во висина од 1500 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на РМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители бр.200002470422279 во Стопанска банка АД Скопје, во рок од 15-дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 29.05.2013 година согласно чл. 59-в став 1 алинеја 3 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.